20261392030

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 15 став (8) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРИСТАП И КОРИСТЕЊЕ НА ЕДИНСТВЕНИОТ ПОРТАЛ ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ

### Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пристап и користење на единствениот портал за сајбер безбедност (во натамошниот текст: порталот).

### Добивање на корисничко име и лозинка

Член 2

Барањето за регистрирање на порталот суштинските и важните субјекти (добивање на корисничко име и лозинка) го поднесуваат во електронска форма до надлежниот орган за компјутерски инциденти.

Надлежните органи имаат улога на администратори за суштинските и важните субјекти од нивна надлежност.

Надлежните органи и тимовите за одговор на компјутерски инциденти им доделуваат корисничко име и лозинка на своите вработени, кои треба да имаат пристап до порталот.

### Заштита на податоците достапни преку порталот

Член 3

Податоците, информациите и актите достапни преку порталот, можат да ги користат за своите потреби суштинските и важните субјекти.

Податоците од порталот, суштинските и важните субјекти ги користат совесно и не може да ги умножуваат, менуваат, обработуваат, јавно објавуваат и даваат на употреба на други лица.

Јавно се достапни сите податоци, информации и акти поврзани со сајбер безбедноста кои произлегуваат од прописите за сајбер безбедност.

Личните податоци, односно податоците за матичниот број за лицата запишани во порталот се издаваат по нивно барање, лично или преку од нив ополномоштено лице, како и во другите случаи определени со закон.

### Влегување во сила

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 10-1455/1
24 јуни 2026 година
Скопје

Министер за дигитална
трансформација,
**Стефан Андоновски с.**р.